09-335/5
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6 - та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-4708/1 од 28.09.2023 година, против службеното лице ------, вработена во општина ------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата не се потврдуваат и не е констатирана повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет бр.09-4708/1 од 28.09.2023 за постоење на судир на интереси.
Во пријавата е наведено дека лицето --------- со години е книговодител во општина ----------каде во исто време извршува книговодствени работи и во други органи како што се детска градинка во Општина ----------- и основни Училишта во истата општина.
Заради целосно утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК поднесе Барање за доставување на податоци и информации со бр.09-335/1 од 23.01.2024 година до општина -------- во врска со тоа, дали во општината има вработено лице --------, на кое работно место извршува задачи, дали истото лице е сопственик на книговодствена фирма и сл.
Општина ---------- достави до ДКСК допис - Достава на податоци со бр. 09-335/2 од 02.02.2024 година каде што информираат дека лицето ------- е вработена како раководител на одделение за финансиски прашања во општината со Решение бр. 09-710/1 од 22.07.2022 година. Покрај тоа информираат дека истото лице не е сопственик на фирма за книговодствени услуги и дека сметководствените услуги за детската градинка и основното училиште од истата општина се доделени на -------------------.
По разгледување на списите од писмениот допис, Државната комисија констатираше дека за целосно утврдување на фактичката состојба потребно е дополнително да се достават

информации по што се достави Барање за дополнителни податоци со бр.09-335/3 од 02.04.2024 година во врска со тоа, дали општината има воспоставено деловни односи со ------------.

Во однос на поднесеното барање, општина ----------- ја извести ДКСК преку допис бр. 09-335/4 од 16.04.2024 година, дека нема воспоставено никакви деловни односи со -----------------.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, односно службеното лице ----------, вработена во општина -------- на работно место раководител на одделение за финансиски прашања не прекршила одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што Државната комисија одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: М.М.- соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk